| 242 | ТОПАЛОСКИ ПЕЦЕ | | 915,00 | 0,00 | 915,00 |
| 243 | ТОШЕВСКА МЕНКА | | 2.200,00 | 0,00 | 2.200,00 |
| 244 | ТОШЕСКА ЛЕТКА | | 7.991,00 | 0,00 | 7.991,00 |
| 245 | ТРАЈКО МИТРЕСКИ- | | 8.723,00 | 0,00 | 8.723,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 246 | ТРАЈКОВСКИ ТОМЕ | | 10.065,00 | 0,00 | 10.065,00 |
| 247 | ТРАЈКОСКА БОЈАНА | 2.135,00 | | 2.135,00 | 0,00 |
| 248 | ТРАЈКОСКА ВЕСЕЛА ЗОРАН-ЛЕГАЛИЗ. | | 27.368,00 | 0,00 | 27.368,00 |
| 249 | ТРАЈКОСКИ БЛАГОЈА- | | 1.281,00 | 0,00 | 1.281,00 |
| 250 | ТРАЈКОСКИ ДИМЕ | | 4.209,00 | 0,00 | 4.209,00 |
| 251 | ТРАЈКОСКИ КИРО-КОМУНАЛИИ | | 1.708,00 | 0,00 | 1.708,00 |
| 252 | ТРАЈКОСКИ РАТКО И МИЛЕ | | 6.283,00 | 0,00 | 6.283,00 |
| 253 | ТРАЈКОСКИ ТОДОР. | | 15.250,00 | 0,00 | 15.250,00 |
| 254 | ТРАЈЧЕСКИ СЛОБОДАН | | 570.935,00 | 0,00 | 570.935,00 |
| 255 | ТРЕНКОСКИ ЗОРАН-БОРЈАН-БАРБАРА | | 6.466,00 | 0,00 | 6.466,00 |
| 256 | ТРПЧЕСКИ ДРАГАН | 61,00 | | 61,00 | 0,00 |
| 257 | ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП | | 16.606,00 | 0,00 | 16.606,00 |
| 258 | ЦАНКО ПУПУНЧЕСКИ | | 8.479,00 | 0,00 | 8.479,00 |
| 259 | ЦВЕТАНОСКА СОЊА | | 6.344,00 | 0,00 | 6.344,00 |
| 260 | ЦВЕТАНОСКИ ЦАНЕ | | 11.172,00 | 0,00 | 11.172,00 |
| 261 | ЦВЕТКОСКИ ДРАГАН И ТОМЕ | | 5.490,00 | 0,00 | 5.490,00 |
| 262 | ЏАРТОСКА ЈАСМИНКА | | 1.464,00 | 0,00 | 1.464,00 |
| 263 | ЏАФЕРОСКИ СУЛЕЈМАН | 61,00 | | 61,00 | 0,00 |
| 264 | ЏЕМАЈЉОСКА СЕВДИЈЕ | | 4.026,00 | 0,00 | 4.026,00 |
| 265 | ЏОБЕСКИ ПЕТРЕ | | 10.675,00 | 0,00 | 10.675,00 |
| 266 | ЏОРЕСКА НАДЕЖДА | | 976,00 | 0,00 | 976,00 |
| 267 | ШЕХРИЗАТ АРИФИ | | 2.379,00 | 0,00 | 2.379,00 |
| 268 | ШОРГИЌ ГОРИЦА | | 11.163,00 | 0,00 | 11.163,00 |
| 269 | ШУРДОСКА СЛАЃАНА | | 14.762,00 | 0,00 | 14.762,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.212.590,00** | **3.653.830,00** | **4.416.328,00** | **3.857.568,00** |
| | | | | **558.760,00** | **0,00** |

На конто 1200 - Побарувања од купувачи - евидентирани се побарувања кон правни и физички субјекти по однос на надоместок за уредување на градежно земјиште во вкупен износ од **,00** денари. Ваквите обврски се уредени со соодветни договори и решенија за задолжувања, што ја прави наплатата реална и остварлива. Истите се дадени во следната табела:

---

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка // ТМ - Проект: БУЏЕТ**

Конто: 1200, ПОБАРУВАЊА ЗА КОМУНАЛИ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АД ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТ.И ДЕЛ.ПРОСТОР | 5.771.182,00 | 5.771.177,00 | 5,00 | 0,00 |
| 2 | ГАЛЕВА КАМЕЛИЈА ПЛ. ДИМИТАР | 39.081,00 | | 39.081,00 | 0,00 |
| 3 | ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА-ЕВН МАКЕДОНИЈА | 298.728,00 | | 298.728,00 | 0,00 |
| 4 | ИГОР ТОДЕСКИ | 123.880,00 | | 123.880,00 | 0,00 |
| 5 | Мартин Никовиќ | 141.667,00 | 141.666,00 | 1,00 | 0,00 |
| 6 | НАТ ТЕКСТИЛЕ ДОО | 360,00 | | 360,00 | 0,00 |
| 7 | ОРДЕ ЧОПЕЛА ДСУ | 2.690,00 | | 2.690,00 | 0,00 |
| 8 | ПАНОСКИ ПЕТАР | 20.000,00 | | 20.000,00 | 0,00 |
| 9 | СТАРА ФУРНА ДПТУ | 2,00 | | 2,00 | 0,00 |
| 10 | СУЗАНА ЈОВАНОСКА | 54.402,00 | | 54.402,00 | 0,00 |
| 11 | ХАЛЕСКИ ХРИСТО | 8.456,00 | | 8.456,00 | 0,00 |
| 12 | ХОТЕЛ АТЛАС ИНВЕСТ ТД ДОО | 750.000,00 | | 750.000,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **7.210.448,00** | **5.912.843,00** | **1.297.605,00** | **0,00** |
| | | | | **1.297.605,00** | **0,00** |

На конто 1200 - Побарувања од купувачи - евидентирани се побарувања кон правни и физички субјекти по однос на договорна камата за ненавремено почнување со градба на објекти согласно Законот за градење во вкупен износ од **,00** денари. Ваквите побарувања се уредени со соодветни договори и фактури за задолжувања, што ја прави наплатата реална и остварлива. Истите се дадени во следната табела:

---

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка // ТМ - Проект: КАМАТА**

Конто: 1200, ПОБАРУВАЊА ЗА КОМУНАЛИ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АПОСТОЛОСКА ЕЛЕНА | 342.647,00 | | 342.647,00 | 0,00 |
| 2 | ВЛАТКО ИНГИЛИЗОВ | 256.511,00 | | 256.511,00 | 0,00 |
| 3 | ДЕНИ КОМПАНИ ДООЕЛ 93-ТД | 100.000,00 | | 100.000,00 | 0,00 |
| 4 | ЗДРАВКО ЧОЛАКОВСКИ | 20.538,00 | | 20.538,00 | 0,00 |
| 5 | КАРПА ДООЕЛ | 263.340,00 | | 263.340,00 | 0,00 |
| 6 | МАРФИЛ МИП ДОО | 170.623,00 | | 170.623,00 | 0,00 |
| 7 | МЕТАЛ ИНЖИНЕРИНГ 2008 | 216.380,00 | | 216.380,00 | 0,00 |
| 8 | ПЕТРОСКИ БОБАН | 21.646,00 | | 21.646,00 | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | ПРЕМИУМ АГС ДОО | 79.724,00 | | 79.724,00 | 0,00 |
| 10 | РИСТЕСКИ ИГОР | 123.521,00 | | 123.521,00 | 0,00 |
| 11 | СИНАДИНОСКИ МИРЕ | 22.591,00 | | 22.591,00 | 0,00 |
| 12 | ТОМЕСКИ ИГОР | 189.660,00 | | 189.660,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **1.807.181,00** | **0,00** | **1.807.181,00** | **0,00** |
| | | | | **1.807.181,00** | **0,00** |

Од страна на Општинската администрација, констатирано е дека по основ на Закупнини, повеќе правни и физички лица, имаат обврска према ЕЛС – Општина Прилеп заклучно со 31.12.2022 година. и покрај обврските кои овие субјекти ги имаат превземено согласно на склучените Договори за закуп, истите нередовно ги измируваат своите обврски, зашто од страна на општинската администрација се повеќекратно опоменувани,спрема одреден број корисници беа покренати и тужби пред надлежниот суд. Во тек се и постапки за наплата по пат на присилно извршување. Обврските на име закупнини се прикажани во следната табела:

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1201, ПОБАРУВАЊА ОД ЗАКУПНИНИ НА ОПШТИНСКИ ИМОТ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | АДЕМОСКИ СЕИД -ЗАКУПНИНА | 226.500,00 | | 226.500,00 | 0,00 |
| 2 | АЛТЕА-ПОЛИКЛИНИКА ПЗУ | 13.750,00 | | 13.750,00 | 0,00 |
| 3 | БОШКОСКИ КИРИЛ-ЗАКУПНИНА | 69.600,00 | | 69.600,00 | 0,00 |
| 4 | ВЕЉАНОСКА МАРИЧЕ-ТЕЗГА | 1.080,00 | | 1.080,00 | 0,00 |
| 5 | ДАРИГО ДОО | 164.684,00 | | 164.684,00 | 0,00 |
| 6 | ЖИТО ПРИЛЕП АД | 56.100,00 | | 56.100,00 | 0,00 |
| 7 | ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ | 135.685,00 | | 135.685,00 | 0,00 |
| 8 | ИНЕКС-27 ЗАКУПНИНА | 32.000,00 | | 32.000,00 | 0,00 |
| 9 | ЈАНЕСКА ЛИЉА-ТЕЗГА | 1.080,00 | | 1.080,00 | 0,00 |
| 10 | КОНДОСКИ ИЛИЈА-ЗАКУПНИНА | 17.500,00 | | 17.500,00 | 0,00 |
| 11 | ЛЕПИТКОВ МИТРЕ-ЗАКУПНИНА | 150.400,00 | | 150.400,00 | 0,00 |
| 12 | МАРАКАНА ДТПУУ 2007 УВОЗ ИЗВОЗ-ЗАКУПНИНА | 60,00 | | 60,00 | 0,00 |
| 13 | НИКОЛОСКИ ЉУБЕН-ЗАКУПНИНА | 70.000,00 | | 70.000,00 | 0,00 |
| 14 | РАДИЧОСКИ КОМПАНИ ЗАКУПНИНА | 24.000,00 | | 24.000,00 | 0,00 |
| 15 | РИСТЕСКИ ЛАДО-ЗАКУПНИНА | 346.100,00 | | 346.100,00 | 0,00 |
| 16 | ФК ПРИЛЕП | 280.800,00 | | 280.800,00 | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17 | ХЕР-АСТРА ДООЕЛ | 72.091,00 | | 72.091,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **1.661.430,00** | **0,00** | **1.661.430,00** | **0,00** |
| | | | | **1.661.430,00** | **0,00** |

По основ на облог од јавна чистота Општина Прилеп има побарувања во износ од **,00** денари.Овие побарувања се однесуваат на ЈКП Комуналец кој што воедно ја фактурира и собира оваа комунална такса која е приход на општинскиот буџет.

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1202, ОБЛОГ ЗА ЈАВ.ЧИСТОТА-КОМ.

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА-КОМУНАЛЕЦ (3232) | 22.244.622,00 | 1.022.333,00 | 21.222.289,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **22.244.622,00** | **1.022.333,00** | **21.222.289,00** | **0,00** |
| | | | | **21.222.289,00** | **0,00** |

По основ на облог од данок на имот од правни и физички лица Општина Прилеп има побарувања во износ од **,50** денари.

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1203, ОБЛОГ ОД ДАНОК НА ИМОТ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ОД ДАНОК НА ИМОТ (0257) | 69.477.089,00 | 38.364.738,00 | 31.112.351,00 | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | ОБЛОГ ОД ДАНОК НА ИМОТ ОД ПРАВНИ ЛИЦА (0406) | 20.565.310,50 | 7.806.382,00 | 12.758.928,50 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **90.042.399,50** | **46.171.120,00** | **43.871.279,50** | **0,00** |
| | | | | **43.871.279,50** | **0,00** |

На конто 1204 - Побарувања од корисници на Буџетот , се водат побарувањата по основ на присилно извршени управни акти , врз основа на кој и е настаната обврската на овие физички лица према Општината. Истите се дадени во прилог во Спецификацијата која следи:

---

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1204, НАПЛАТА ЗА ПРИСИЛНО ТУРКАЊЕ НА ОБЈЕКТИ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ДАСКАЛОСКИ КИРО | 33.072,00 | | 33.072,00 | 0,00 |
| 2 | ДИМЕСКИ БОЖИДАР- ПРИСИЛНО турка | 41.531,00 | | 41.531,00 | 0,00 |
| 3 | ЃОРЃИЕСКИ МАРКО | 97.768,00 | | 97.768,00 | 0,00 |
| 4 | ЗЕРОСКИ СОТИР | 33.072,00 | | 33.072,00 | 0,00 |
| 5 | ЗЗ МАРИОВО | 127.944,00 | | 127.944,00 | 0,00 |
| 6 | РИКАЛОСКА ВЕРА-ПРИС.ТУРК. | 61.400,00 | | 61.400,00 | 0,00 |
| 7 | СИЛЈАНОСКИ РИСТО-ПРИС.ТУРКАЊЕ | 67.791,00 | | 67.791,00 | 0,00 |
| 8 | ТОДОРОСКИ СПИРО | 64.696,00 | | 64.696,00 | 0,00 |
| 9 | ТОМИСЛАВ ТРАЈКОСКИ* | 12.600,00 | | 12.600,00 | 0,00 |
| 10 | ЦВЕТАНОСКИ КИРИЛ И НАДА | 33.072,00 | | 33.072,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **572.946,00** | **0,00** | **572.946,00** | **0,00** |
| | | | | **572.946,00** | **0,00** |

По основ на облог од Билборди , реклами , објави и оглас на јавни места , Општина Прилеп има побарувања во износ **,00** денари.Најголемиот дел од овие побарувања се реални и наплатливи во текот на 2022 година.

---

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1205, БИЛБОРДИ РЕКЛАМИ ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ВИКЕЛИ ДООЕЛ | 285.680,00 | | 285.680,00 | 0,00 |
| 2 | ОБЛОГ ЗА БИЛБОРДИ,ИСТАКНУВАЊЕ РЕКЛАМИ И ОБЈАВИ (1205) | 844.213,00 | 241.398,00 | 602.815,00 | 0,00 |
| 3 | ПРИЛЕПЕЦ АМД | 523.298,00 | | 523.298,00 | 0,00 |
| 4 | СИТИ МЕДИА ДООЕЛ | 45.250,00 | | 45.250,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **1.698.441,00** | **241.398,00** | **1.457.043,00** | **0,00** |
| | | | | **1.457.043,00** | **0,00** |

По основ на облог од данок на промет на недвижности и права за 2022 година, Општина Прилеп има претплата на побарувања во износ од ,50 денари, додека побарувањето по основ на облог од данок на наследство и подарок изнесуваат ,00 денари, што се констатира од приложената спецификација:

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1206, ОБЛОГ ОД ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖ. И ПРАВА

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ НА ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖ. И ПРАВА (0252) | 79.438.111,00 | 79.438.111,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2 | ОБЛОГ ОД ДАНОК НАНАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК (0251) | 13.471.515,00 | 12.617.686,00 | 853.829,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **92.909.626,00** | **92.055.797,00** | **853.829,00** | **0,00** |
| | | | | **853.829,00** | **0,00** |

По основ на облог од комунална такса - фирмарина Општина Прилеп има побарувања во износ од **,00** денари. Во текот на 2022 година , значителен дел од овие побарувања се реални и наплатливи.

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1207, ОБЛОГ ОД КОМУНАЛНА ТАКСА- ФИРМАРИНА

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ОД КОМУНАЛНА ТАКСА - ФИРМАРИНИ (0253) | 59.498.769,00 | 10.730.722,00 | 48.768.047,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **59.498.769,00** | **10.730.722,00** | **48.768.047,00** | **0,00** |
| | | | | **48.768.047,00** | **0,00** |

По основ на облог за користење на простор пред деловна просторија Општина Прилеп има побарувања за 2022 година во износ од **,00** денари , а се однесува на побарување од Комунална такса за користење на паркинзи со кои стопанисува ЈП за ПУП во износ од **,00** денари,додека од облогот за користење на простор пред деловна просторија од правни лица имаме побарувања во износ од ,00 денари

---

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1208, ОБЛОГ ЗА КОР.ПРОСТ.ПРЕД ДЕЛОВ.ПРОСТОР

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈП ЗА ПУП (4021004144432) | 5.578.760,00 | | 5.578.760,00 | 0,00 |
| 2 | ОБЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ ПРОС.ПРЕД ДЕЛОВ.ПРОСТОР (0254) | 4.385.891,00 | 3.316.204,00 | 1.069.687,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **9.964.651,00** | **3.316.204,00** | **6.648.447,00** | **0,00** |
| | | | | **6.648.447,00** | **0,00** |

По основ на облог за користење на музика во јавни локали Општина Прилеп има побарувања во износ од **,00** денари. Во текот на 2022 година, дел од овие побарувања се реални и наплатливи.

---

## Спецификација

**(За Незатворени ставки)**

**Период:**

1 Јануари 2022 - 31 Декември 2022

**Тип сметка: Буџетска сметка //**

Конто: 1209, ОБЛОГ ЗА КОРИС.НА МУЗИКА ВО ЈАВНИ ЛОКАЛИ

| Бр. | Партнери | Должи | Побарува | САЛДО | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ОБЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МУЗИКА ВО ЈАВ. ЛОКАЛИ (0255) | 824.798,00 | 233.460,00 | 591.338,00 | 0,00 |
| | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **824.798,00** | **233.460,00** | **591.338,00** | **0,00** |
| | | | | **591.338,00** | **0,00** |

## 4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок-дотациите за делегирани надлежности

Сектор: **ИНСПЕКТОРАТ-ОПШТИНА ПРИЛЕП**

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНА АКТИВНОСТ

| |
|---|
| Извршител на активноста: Сектор Инспекторат 2022 |

| |
|---|
| |
| Период за кој се однесува извештајот : од 01.01.2022 до 31.12.2022<br><br>Сектор Инспекторат<br>-Комунална Инспекција<br>-Инспекција за животна средина<br>-Градежна Инспекција<br>-Сообраќајна Инспекција<br>-Даночна Инспекција<br>-Просветна инспекција<br>-Комунални редари |

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2022 ГОДИНА*

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Извештај за работа -Инспекторат | | | | | | | | | | | | | |
| | за период од **01.01.2022** до **31.12.2022** година | | | | | | | | | | | | | | |
| ГОДИНА **2022**- МЕСЕЦИ | | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | вк |
| **ИНСПЕКЦИСКИ АКТИ** | ЗАПИСНИЦИ (број) | од редовен инспекциски надзор | 7 | 21 | 18 | 6 | 21 | 12 | 4 | 12 | 15 | 18 | 9 | 4 | **147** |
| | | од контролен инспекциски надзор | 17 | 21 | 20 | 19 | 26 | 20 | 21 | 17 | 14 | 15 | 14 | 25 | **229** |
| | | од вонреден инспекциски надзор | 17 | 27 | 45 | 46 | 71 | 50 | 43 | 48 | 65 | 57 | 52 | 39 | **560** |
| | | | **41** | **69** | **83** | **71** | **118** | **82** | **68** | **77** | **94** | **90** | **75** | **68** | **936** |
| | РЕШЕНИЈА (број) | од редовен инспекциски надзор | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | | од контролен инспекциски надзор | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | | од вонреден инспекциски надзор | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | | ВКУПНО | **3** | **8** | **9** | **6** | **9** | **4** | **3** | **9** | **3** | **3** | **11** | **6** | **74** |
| | ЗАКЛУЧОЦИ (број) | | / | / | 1 | 2 | 3 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / |
| | ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ЗАПИРАЊЕ (број) | | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | | ВКУПНО | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | ЖАЛБИ (број) | I.примени жалби по донесени ВБ периодот опфатен со овој | 5 | 14 | 19 | 19 | 30 | **19** | 15 | 22 | 15 | 8 | **14** | 12 | 192 |
| | | II.Примени жалби по решенија донесени ПРЕД периодот опфатен со овој Извештај | | | | | | / | | | | | / | | / |
| | | вкупно примени жалби (I+II) | **5** | **14** | **19** | **19** | **30** | **19** | **15** | **22** | **15** | **8** | **14** | **12** | **192** |
| Прекршочни/ жалби до комисија за одлучување во втор степен | | | 5 | 14 | 19 | 19 | 30 | 19 | 15 | 22 | 15 | 8 | 14 | 12 | **192** |
| Извршени увиди на терен | | | 21 | 33 | 30 | 24 | 48 | 33 | 17 | 24 | 34 | 38 | 27 | 18 | **347** |
| Ком.редари.и ком.инсп. | отстранети скелиња | вкупно 184 | | | | | | | | | | | | | **184** |
| | исчистени депонии | вкупно 42 | | | | | | | | | | | | | 42 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| Извештаи | | | | | | | | | | | | | | | |
| ПОСТАПКИ, ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА И ПРИЈАВИ | | | 2 | 6 | 19 | 8 | 15 | 12 | 10 | 11 | 13 | 13 | 4 | 4 | **117** |
| ПОДНЕСЕНИ прекршочни ПРИЈАВИ (број) | | на суд -број | 2 | 4 | 7 | 5 | 9 | 1 | 1 | 0 | 1 | 5 | 5 | 0 | 40 |
| Вкупно активности: | | | | | | | | | | | | | | | 1932 |
| Декември 2022 | Главен инспектор: | Блаже Димески | | | | | | | | | | | | | |

| |
|---|
| Постапка за работа:<br>1.Редовен инспекциски надзор<br>2.Контролен инспекциски надзор<br>3.Вонреден инспекциски надзор<br>1. Редовниот инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската служба и опфаќа надзор над спроведувањето на законите и прописите донесени врз основа на законите.<br>2. Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност). (4)<br>3. Контролен инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдување на фактичката состојба ќе констатира дека субјектот на надзорот: - постапил по инспекцискиот акт во целост, - делумно постапил по инспекцискиот акт или - не постапил по инспекцискиот акт. |
| |

Сектор Инспекторат

Датум 31.01.2023

______________________________

## II. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ, ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ОПШТИ РАБОТИ

**ИЗВЕШТАЈ**
**За Реализирани активности за 2022 година**
**Сектор За Правни Општи Работи и Јавни Дејности**

### I. Извештај на Одделение за правни работи

Во одделението за правни работи се вршеше навремено и законито изготвување на прописите и актите од надлежност на Советот и Градоначалникот на Општината што не се во надлежност на другите сектори .

Согласно работните задачи и ингеренции во одделението се реализирани следните активности:

Во 2022 година примени се 34 тужби за повреда на правата од работен однос (за бонус плати и помалку исплатени надоместоци од работен однос односно прекувремена работа, работа во смени и работа за време на празник.)

Исто така во 2022 година примени се 65 тужби за надомест за нематеријална и материјална штета,(како последица предизвикана од каснување на куче скитник) од кои 17 се завршени со правосилна судска пресуда, 3 тужби пред Управен суд и 2 тужби за надомест на штета, 1 тужба за дискриминација, 1 тужба за усогласување на плата на вработен во Општина Прилеп.

Советот на Општина Прилеп во текот на 2022 година, одржа 14 работни седници и 1 свечена седница. Има разгледано вкупно 317 прашања.

**БУЏЕТ И ОДЛУКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2021 година.
2. Годишен извештај на Општина Прилеп за 2021година.
3. Измени и дополнувања на Буџет на Општина Прилеп за 2022 година
4. Буџет на Општина Прилеп за 2023 година.
5. Буџетски Календар на Општина Прилеп за 2023 година

Советот на Општина Прилеп има донесено

- 4 квартални извештаи за работата на Општина Прилеп
- 1 извештај за работата на Советот на Општина Прилеп
- 14 програми,
- 2 правнилници,
- 1 план,
- 263 одлуки,
- 22 решенија,
- 5 закучоци,

**АКТ ОД КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

1. Одлуката за доделување на награди и признанија по повод „3-ти Ноември" - Денот на ослободувањето на Прилеп

**Годишен Извештај за работа на одделението за јавни дејности за 2022 год.**

Проверка и изработка на документи кои се доставуваат до училиштата, градинките и до Министерство за образование и наука(МОН)-Скопје и тоа: решенија за именување на вршители на должност директори во училиштата, градинките, библиотека и старски дом како и одлуки за распишување на огласи, решенија за избор на директори , согласности за интервентно вработување, доставување на барања до МОН за добивање на согласности за распишување на огласи во училиштата за прием на вработени на определено време, барања за добивање на согласности за новофинансирани работни места, потоа барања за добивање на мислења за формирање на паралелки со помал број на ученици во основните и средните училишта и доставување на истите мислења до советот на Општина Прилеп. Изработка на повеќе решенија за формирање на комисии како на пример за одлучување при жалби за изведување на ескурзиите во училиштата и реонизација на училиштата и др. Доставување на податоци за основната дејност на училиштата и одговор на други дописи кои доаѓаат од МОН, Државен просветен инспекторат и други институции кои се поврзани со образованието и училиштата како и доставување на барања до Министерство за информатичко општество и МОН за превземање на вработени на неопределено време од една општина во друга и од едно училиште во друго. Учество и соработка со општинската комисија за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време. Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Прилеп за 2022год. како и изработка и доставување на годишен извештај како и план за јавни набавки до секторот за финансии при Општина Прилеп

- Учество во работата на комисиите за јавни набавки за спроведување на повќе постапки како и учество во надзорен орган при спроведувањето на дезинфекција, дезинсекција и дератизацијата на територијата на Општина Прилеп. Исто така се изработуваа одговори на барања на информации од јавен карактер .
- Исто така се организираат, насочувавава и координираа активностите на одделението со распоредување на задачите во одделението за навремено и квалитетно извршување на работните задачи како и континуирано следење на законите и прописите од областа на јавните дејности, обезбедување на вршење на работите од делокругот на одделението кои работи се поврзани со функциите на самата општина од областа на образованието, културата, социјалната заштита, детска и здравствена заштита, спорт, заштита и спасување и одржување на редовни работни состаноци со вработените од одделението како и работа со странки и контакти со различни институции, организации, здруженија и др.

Известување за активностите во културата во 2022

- Во 2022 година се одржаа повеќе настани од областа на културата предвидени во годишната програма на Општина Прилеп, донесена на Седница на Совет на 17.01.2022 година, со што се даде придонес кон збогатувањето на културниот живот во градот.
- Од програмата К4- културни манифестации и творештво со планиран годишен буџет од околу 4.550.000,00 денари, средства наменети за институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти од значење за Општината, во 2022 потрошени се 4.306.621 денари, односно околу 95%.
- Од реализирана програма за негување на културното наследство и традицијата ги издвојуваме следните настани:
- Карневал Прочка – настан од исклучително значење за Прилеп, кој го стави градот на светската карта на карневалски градови, годинава само со домашни учесници, училишта и гости од други градови од Македонија и бројна публика.
- За реализација на овај настан се обезбеди бина и озвучување-ангажирање на музички групи-куклено шоу-печатење на рекламен материјал.
- Фестивалот на народни инструменти и песни Пеце Атанасоски, кој е поддржан од Министерство за култура, како еден од најзначајните фестивали за изворен фолклор, а Општина Прилеп учествуваше со 80.000,00 денари средства на сметка на организаторот за покривање на дел од трошоците. За овие доделени средства организаторот достави извештај за наменско трошење на истите.
- Мариовско-мегленски културни средби се одржаа во манастирот Св. Илија во близина на село Витолиште. Овие средби се со над 30 годишна традиција и се од големо значење за македонците кои живеат на двата краја од границата. Во културно-уметничка програма земаат учество повеќе фолклорни друштва од сите краишта на Македонија, а општината учествуваше во истата со 30.000 денари.
- Се одржа и Пиво фестивалот со бројни гости, музички настапи и излагачи. Во програмата за Пиво Фестивалот, Општина Прилеп учествуваше со 2.000.000 денари.
- Со пригодна програма се одбележаа:
- Денови на Крали Марко
- 11 Октомври,
- 3 Ноември,
- Патрониот празник Св Никола,
- 8 Април-Денот на Ромите, како и други јубилеи на значајни личности и празници. Помош финансиска е дадена и на прилепски автори за печатење и издавање на литература, како и поддршка на програмата за развој на културниот туризам во Прилеп.
- Од Програмата за култура на Општина Прилеп се поддржаа манифестации и фестивали, како што се следните:
- Театарски Фестивал Војдан Чернодрински
- Прилепски Џез Фестивал
- Ѕвездички
- Мелфест
- Силјан Штркот
- Мали Ангели
- Прилеп Фолк Фест

- Иселенички Фестивал-Прилеп, како и концерти на културно-уметнички друштва.
-
- Покрај овие наведени настани, локалната самоуправа на Општина Прилеп во 2022 година даде финансиска поддршка и на проекти на здруженија кои работат во областа на културата.
  - Секојдневно и навремено извршување на работните задачи во одделението за јавни дејности кои произлегуваат од делокругот на работата на самото одделение.
- Учевство во надзорот при доставување на нафта за греење за потребите на
- основните и средните општински училишта во Прилеп и за потребите на
- општина Прилеп.
- Учевство во доставување на покани на граѓаните за легализација на бесправно изградени објекти за потребите на одделението за урбанизам.
- Разносување на поштенските пратки од општинските архиви до Поштата и
- Обратно (кога општинскиот курир – доставувач е на годишен одмор или боледување) и извршување на други работи доверени од други претпоставени.

**Одделение за локален економски развој**
**и прекугранична соработка**

**Годишен извештај за 2022 година**

Во текот на 2022 година Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка ја координираше и спроведуваше имплементацијата на проекти одобрени од страна на повеќе институции и донатори, која во зависност од фазата на импелемнтација се реализираше во соработка со другите сектори и одделенија во рамките на Општина Прилеп, јавните претпријатија и јавните установи, како и Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион. Имајќи ги во предвид роковите за имплементација на проектите и нивната динамика на спроведување, многу често истите опфаќаат временски период распределен во две последователни години, а понекогаш и повеќе, така да дел од проектите се завршени во 2022 година, дел се во фаза на имплементација и продолжуваат со свои активности и во следната 2023 година.

Во продолжение е даден преглед на реализирани проекти и проекти во фаза на имплементација:

**I. <u>Завршени проекти</u>**

1. Проект **„Подобрено одржување на јавно прометните површини во град Прилеп“** одобрен од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој од Повикот за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој за 2021 година. Во текот на 2022 година беше спроведена јавна набавка и во рамките на овој проект е набавено **комунално возило - цистерна за перење на јавно прометни површини и носење на вода.** Вкупен износ за проектот е 5.999.120,00 ден. Со Одлука на Советот на Општина Прилеп возилото е предадено на ЈКП „Комуналец“.

2. Проект **„Набавка на таблети за социјално ранливите категории на граѓани од ромска заедница “** одобрен од Министерството за локална самоуправа, врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија. За реализација на овој проект

доделени се финансиски средства од Министерството за локална самоуправа и набавени се 22 таблети наменети за олеснување на наставата на ученици од социјално ранливите категории од ромската заедница во ООУ „Добре Јованоски“. Вкупен износ на проектот 277.200,00 ден. Со одлука на Советот на Општина Прилеп таблетите се предадени на користење на ООУ „Добре Јованоски“.

3. Проект **„Улично осветлување на улица „Дебарца“- дел, на КП 23955/3-дел, КП 23931-дел, КП 23963-дел, КП 23964/99-дел, КО Прилеп“**, Општина Прилеп. Проектот е аплициран и одобрен од Министерство за транспорт и врски за користење на средства од Буџетот на МТВ за 2021 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите. Во текот на 2022 година проектот е реализиран, а вкупната вредност изнесува 925.647,00 ден.

4. Општина Прилеп ја доби наградата за „**Најзелена општина“** за 2021 година како дел од кампањата за промоција на Европскиот Зелен Договор во чии рамки Делегацијата на Европската Унија ја промовираше „Наградата за најзелена општина”. На отворениот повик, објавен на 3 март 2022 година, сите општини во Република Македонија беа поканети да аплицираат со прикажување на нивните најдобри примери за управување со цврст отпад во 2021 година, **а Општина Прилеп беше избрана како општина со најдобри практики за управување со цврст отпад.** По повод доделувањето на наградата на 6 јуни 2022 година во Општина Прилеп преку проектот финансиран од ЕУ „ЕУ за општините“ беше организирана конференција на тема „Најдобра пракса за управување со комунален отпад - затоа што немаме резервна планета“.

5. Координирање на проектот **ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ**, кој претставува водечката кампања за подигање на свеста за одржлива урбана мобилност што секоја година се одбележува од 16 – 22 Септември и промовира промена во однесувањето во корист на активната мобилност, јавен превоз и други чисти, интелигентни транспортни решенија.
   За таа цел Општина Прилеп креираше еднонеделна програма со интересна содржина, за чија реализација се погрижија: граѓаните на Општина Прилеп, Здруженија на граѓани, Спортски клубови и Сојузи, Јавни претпријатија и други најразлични институции од градот.

## II. <u>Проекти во фаза на имплементација:</u>

1. **Проект за поврзување на локалните патишта -** Дополнување и финализирање на апликацијата за проектот за Реконструкција на улицата „Леце Котески“ (влез во Прилеп од страна на Крушево) во должина од 2 км, од крстосницата со ул.„Трајко Николоски“ до Мермерен Комбинат. Одделението за ЛЕР ги спроведуваше потребните административни работи, комуникацијата со Единицата за спроведување на проектот и се вклучи во планираните обуки од проектот. Од страна на Единицата за имплементација на проектот кон крајот на 2022 година спроведена е постапка за јавна набавка за избор на најповолен изведувач на градежните работи.

   Во рамките на истиот проект во соработка со Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина – Одделение за локани патишта и улици доставено е

Писмо за изразување на интерес на Општина Прилеп за изработка на План за одржлива мобилност (SUMP – Sustainable Urban Mobility Plan)

2. Проект „**Подобрување на ефикасноста за заловување на бездомните кучиња и поголема контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Прилеп“** одобрен од страна на Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој од повикот за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој за 2022 и 2023 година. Договорот со БРР е потпишан на 05.10.2022 год. и согласно договорот за реализација на проектот доделени се финансиски средства во вкупен износ од 3.500.000,00 денари за набавка на возило за транспорт на бездомните кучиња и дополнителна опрема за заловување и сместување во стационарот. Проектот е во фаза на имплементација.

3. Проект **„Зајакнување на општинските совети – фаза 2“**
Општина Прилеп е една од десетте општини кои после поднесените апликации се избрани за учество во имплементација на проектните активности на програмата „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ во периодот 2022 – 2023 година.

   Главната цел на проектот се однесува на поддршка на развојот на локалните самоуправи, првенствено преку зајакнување на општинските совети, со цел да бидат во можност ефективно да ги исполнат нивните доделени улоги на претставување, надзор и донесување одлуки преку активно вклучување на граѓаните. Понатаму, проектот цели и кон унапредување на системот на локална самоуправа, децентрализација и подобрување на условите за живот во локалните заедници, преку подобрување на развојните политики и правната рамка за локален развој и децентрализација. Предвидени се активности за дигитализација на општинските услуги, зголемување на транспарентноста и учеството на граѓаните во донесување одлуки на локално ниво преку организриање Форуми на заедниците. Во текот на 2022 година реализирани се обуки за Советниците од Советот на Општина Прилеп и општинската администрација согласно програма која содржи 11 модули, доставена е апликација за реализација на дигиталната компонента на проектот и обезбедување на опрема за подобрување на транспарентноста на општината.
Програмата „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“ ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.

4. Програма **Општинско Корисна Работа на УНДП**, со две компоненти: ОКР и ОКР СДЦ
<u>Општинско Корисна Работа - ОКР</u>
Период на реализација: 01.07.2022 - 31.03.2023
Ангажирани се 12 лица.
   8 лица како негователи во детски градинки „Наша Иднина“;
   3 лица како негователи во Дом за стари лица „Киро Крстески Платник“
   1 лица како неговател/ка во Дневен центар за лица со попреченост „Sуница“
Месечен износ за исплата за едно лице е 9.000 МКД (бруто).
Општина Прилеп ко-финансира 20% од износот.

Општинско Корисна Работа - СДЦ Компонента / УНДП + Швајцарска Амбасада
Период на реализација: 01.07.2022 - 30.09.2022
Ангажирани беа 2 лица како:
1 неговател во Дневниот центар за лица со церебрална парализа.
1 фасилитатор за поддршка на услуите на народната кујна во Дом за стари лица „Киро Крстески Платник“
Месечен износ за исплата за едно лице е 9.000 МКД (бруто).
Општина Прилеп нема ко-финансирање во оваа програма.
* Лицата од двете програми работат 4 часа дневно, 5 дена во неделата.

5. Проект **SRMA (Проект за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурси) на USAID.**
   Општина Прилеп е дел од општините кои се вклучени во втората фаза на проектот за USAID за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурси.
   Целта на проектот е зголемување на сопствените извори на приходи и поголема искористеност на надворешните извори на финансирање на општините, како и зголемување на стапката на реализација на буџетот во согласност со условите на централните власти во однос на буџетирањето и поднесувањето извештаи. Проектот работи заедно со локалните и централните власти на: 1) јакнење на квалитетот на системите за собирање на даноци и надоместоци во општините; 2) зголемување на капацитетот на општините за пристап до надворешни ресурси од централната власт, меѓународни организации, пазари на капитал и банки; и 3) подобрување на способноста на општините да управуваат со јавните финансии во согласност со позитивната законска регулатива. Во текот на 2022 година организирани се повеќе обуки за различни компоненти на проектот.
6. Предлог проект **„Зајакнување на капацитетите за заштита на населението од природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив во општините Прилеп и Долнени“** аплициран на јавниот повик на УНДП, министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за меѓуопштинска соработка во 2021 година. Во 2022 година проектот е одобрен од листата на чекање, а износот на проектот за двете општини е околу 30.000 УСД. Преку овој проект треба да се воспостави меѓуопштинска соработка помеѓу општините Прилеп и Долнени во областа на заштита на населението од природни непогоди и пожари. Во рамки на проектот за потребите на Територијалната противпожарна единица Прилеп се набавени или ќе се набават од страна на УНДП: АТВ возило со дополнителна опрема, приколка за АТВ возило, грбни пумпи (напртњачи), заштитни ПП одела (комплет) за шумски пожари, опрема за поддршка на интевенции при природни непогоди и други несреќи (електрична пила, потопни пумпи), опрема за спасување (јажиња, карабинери со макари и друго). Дополнително проектот има и дигитална компонента.

7. Учество на Општина Прилеп во проектот **FEAST - Food systems that support transitions to hEalthy And Sustainable dieTs** програмата HORIZON-CL6-2021-FARM2FORK-01-15 — Transition to healthy and sustainable dietary behavior.
   Со овој проект Општина Прилеп стана дел од конзорциум од вкупно 35 партнери од 15 европски земји кои заеднички ќе спроведат 5 годишен проект со име **FEAST (Системи на храна кои поддржуваат транзиција кон здрава и одржлива исхрана)**. Координатор на проектот е Универзитетот од Хајделберг, Германија. Партнерите во проектот се

експерти од областа на земјоделството, здравата исхрана и јавното здравје. Покрај општина Прилеп, учествуваат и општините на градот Авињон од Франција, Ситија од Грција, Лувен и Гент од Белгија и Ротердам од Холандија. Повеќе информации се достапни на веб страната на проектот: www.feast2030.eu . Проектот е во фаза на имплементација, а ќе трае до 2026 година.

8. Проект на UNDP „**Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективна социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан**"
   Проектот има повеќе компоненти кои се однесуваат на повратниците во Западен Балкан од ромската заедница и се спроведува регионално, во Македонија, Србија и Албанија. Од Македонија се вклучени три општини: Прилеп, Штип и Шуто Оризари. Еден дел од проектот опфаќа мали грантови за проекти во вкупен износ од 80.000 евра насочени кон потребите на повратниците и создавање на услови за нивна полесна и побрза инклузија, а другиот дел опфаќа изработка на Стратегија за ЛЕР за вклучените општини. Проектот е во фаза на имплементација.
   Во текот на 2022 година реализирани се повеќе средби со сите релевантни чинители во врска со имплементацијата на овој проект кои се однесуваат на поддршка и интеграција на Ромите повратници од странство во општеството. Од страна на вработените во Одделението за ЛЕР реализирани се активности за прибирање на податоци, проследување на информации, организирање на форумските сесии и работилници за Стратегијата за ЛЕР. Во рамките на проектот спроведени се две форумски сесии на кои се приоретизирани 5 проекти кои согласно финансиските средства ќе се реализираат преку програмата за мали грантови на овој проект, а изработена е и нацрт верзија на Стратегијата за локален економски развој на Општина Прилеп за периодот 2023-2028, која после доработката и финализацијата ќе биде доставена до Советот на Општина Прилеп за усвојување.
9. Проект: **Обезбедување пристојни услови за живот на ромските домаќинства во Општина Прилеп – СДЛР.** Проектот е дел од ИПА 2 програмата како дел од Годишната акциска програма за 2019 година за Република Северна Македонија, финансирана од Европската Унија. Вкупен износ на проектот 893.910,00 евра од кои Општина Прилеп кофинансира со 70.480,00 евра согласно одлука на Совет на Општина Прилеп бр. 09-1327/5 од 27.05.2021 година. Лидер организација на проектот е ЧЕЛИМ од Милано - Италија, Општина Прилеп и Ромскиот Ресурсен Центар се ко-апликанти на проектот, додека НВО Рома Перспектив од Прилеп е асоцијативен партнер на проектот. Во рамки на проектот после регистрацијата во СЕП во ноември 2021 год. започаа активности за планирање на спроведувањето на активностите. Проектот опфаќа повеќе компоненти чија реализација е распределена на сите партнери, како: изработка на детални урбанистички планови за делови од населба Тризла, реконструкција на индивидуални објекти за домување, реализација на приоритетен инфраструктурен зафат, легализација на објекти на ромското население и др. Општина Прилеп започна со изработката на техничка документација за реконструкција на водоводна мрежа во дел од населбата „Тризла" во рамките на ГУП.

10. Учество во Програма **ROMACTED II** на Советот на Европа. Во декември 2021 година потпишан е меморандум за соработка помеѓу Општина Прилеп, Советот на Европа и Министерството за труд и социјална политика за спроведување на програмата **ROMACTED II.** Во текот на 2022 година, согласно меморандумот, формирани се Институционална работна група и Општинска работна група и одржани состаноци на

истите. Вработените во Одделението за ЛЕР членуваат во работните групи и ги организираат состаноците. Од страна на ROMACTED програмата формирана е и локална акциска група од заедницата со назначен фасилитатор. Со поддршка на консултенти од ROMACTED програмата изработени се нацрт верзии на Заедничкиот акционен план на Општина Прилеп и Ромската заедница за период Јануари 2023-Јуни 2024, Акциски план за намалување на последиците од КОВИД 19 кај ромската заедница во пост – КОВИД периодот на локално ниво за период од 2023-2024 год и Локалниот акциски план на Општина Прилеп и Ромската заедница за 2023-2025. Во рамките на оваа соработка се спроведува и програма за мали грантови, каде Општина Прилеп во ноември 2022 год. аплицираше со две акции во вкупен износ од 14.900 евра.

11. Течничка поддршка на сектор за урбанизам за спроведување на проектот **„Изработка на урбанистички планови за 30 населени места во руралните подрачја во Општина Прилеп: Тополчани, Ерековци, Мажучиште, Селце, Кадино Село, Галичани, Алинци, Ново Лагово, Витолиште, Чепигово, Клепач, Подмол, Загорани, Голем Радобил, Веселчани, Крушевица, Штавица, Тројкрсти, Дабница, Бонче, Волково, Старо Лагово, Беловодица, Плетвар, Шелеверци, Тројаци, Прилепец, Ракле, Манастир и Леништа“** и комуникација со АФПЗРР

## III. Проекти кои се реализираат во соработка со Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион

**1.** Проект **„Подобрување на условите за живот на маргинализираните и ранливите категории жители во Пелагонискиот регион преку обезбедување на инфраструктурни и технички услови за нивна социјална инклузија“.** Преку овој проект обезбедена е Опрема за Домот за стари лица „Киро Крстески - Платник“ која опфаќа: 90 медицински кревети, 53 кревети од масивно дрво, 50 масички на тркала погодни за сите видови на кревети, 64 трпезариски столици, 16 трпезариски маси, 8 сета од по 4 столици за во ходник, 18 плакари за во собите.
Проектот е одобрен од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, од Програмата за рамномерен регионален развој за 2021/2022 година, како регионален проект аплициран преку Центарот за развој на Пелагнискиот плански регион во соработка со Општина Прилеп. Вкупниот износ на финансиски средства за овој проект е во износ од 5.287.209,00 денари.

**2.** Проект **„Означување на културни и природни знаменитости во руралните средини во Пелагонискиот регион“** заверен со Архивски број 05-04/9 во Центарот за развој на пелагонискиот плански, преку кој се поставени туристички информативни табли и патокази во руралните подрачја на Општина Прилеп. Проектот е аплициран до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој од страна на Центарот за развој на Пелагониски плански регион за проект во соработка со Општина Прилеп во мерка 323–зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја, подмерка 323.2-означување на културни и природни знаменитости во руралните средини, во рамки на програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2018.
После завршеното мапирање, на почетокот на 2022 беше завршена техничката документација и беше издадено решение, така да реално тогаш започна неговата

имплементацијата и финализација од страна Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион, со поддршка на општинскиот координатор на проектот. Поставени се 36 патоказни знаци и 75 информативни табли за означување на природни и културни знаменитости во руралните подрачја на Општина Прилеп.
Вкупен буџет: Според проектната апликација 5.700.875,00 ден. од АФПЗРР преку ЦРППР, со кофинансирање од Општина Прилеп од 869.625,00 ден. Согласно Одлука на Совет на Општина Прилеп бр. 09-3086/7 од 10.09.2019 год.

3. **Проект „Прекугранично спречување и менаџирање со поплави и шумски пожари – SOLVE“**

   Апликант Центар за развој на Пелагониски плански регион, Програма за прекугранична соработка со Грција, одобрен во април 2021 година, следува имплементација.
   Набавка на опрема за ТППЕ Прилеп:
   - Дишни апарати, 10 парчиња
   - Јакни за шумски пожари, 30 парчиња
   - Панталони за шумски пожари, 30 парчиња
   - Чизми за шумски пожари, 30 парчиња
   - Шлемови за шумски пожари, 30 парчиња
   - Ракавици за шумски пожари, 30 парчиња
   - Маски за шумски пожари, 43 парчиња

4. Проект **„Зајакнување на институционалните капацитети во Пелагонискиот регион за подобрување на социјалните услуги и заштита на животната средина“** преку кој во Општина Прилеп е планирано поставување на фотоволтаици и систем за топла вода во Домот за стари лица „Киро Крстески Платник“. Проектот е аплициран и одобрен преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион до Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, како дел од регионалните проекти за 2022 година. Вкупен износ околу 6.753.908,00 денари.

5. Подготвена е проектна апликација за **Проект за изградба на таложник на колекторски систем во ПСОВ Прилеп**, од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион до Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, како дел од регионалните проекти за 2022 – 2023 година.

6. Вработените учествуваа на работилници, обуки, регионални форуми, презентации организирани за општините во Пелагонискиот регион.

## IV. Други активности на Одделението за ЛЕР и прекугранична соработка:

1. Координација на настани од страна на вработен во Одделението за ЛЕР, како претставник на Општина Прилеп:
   - Сите на велосипед
   - Krali Marko boulder festival
   - Тура Преку слива
   - Меѓународен натпревар во ориентација – „Пеце Атанасовски“
   - Меѓународен натпревар со теренски возила „Off road Prilep“

- Велосипедска тура „Mariovo offroad Experience“
- Планинарска тура „Даре Џамбаз“
- Планинарска тура „Томе Темелкоски“
- Планинарска тура „Петар Андоновски Музичарот“

2. Учество во организација на седниците на Економски совет на Општина Прилеп
3. ISO 9001:2015 стандард – спроведување на редовна годишна интерна и надзорна проверка
4. Учество во B40 мрежата на градови од Балканот
5. Следење на огласи за достава на проектни апликации од домашни и странски донатори (IPA, UNDP, USAID, SDC, Светска банка, GIZ, програми и повици од Министерствата, Биро за регионален развој, АФПЗРР, НВО и др.), подготовка и поднесување на проектни апликации.
6. Учество на работилници и средби, комуникација со донатори: УСАИД, УНДП, СДЦ, Светска банка, Делегација на ЕУ, JTS, Амбасади и др.
7. Учество на инфо денови во врска со објавени повици, работилници за изработка на програми, презентации, работилници за процес на имплементација на проекти од разни донатори, состаноци во врска со одредени прашања и сл.
8. Поддршка на одбележувањето на Меѓународниот ден на руралната жена – 15 октомври
9. Пополнување на прашалници доставени од страна на донаторски организации, агенции и невладини организации и доставување на материјали
10. Соработка со деловните субјекти, стопанската и занаетчиската комора
11. Ажурирање на базите на податоци за деловните субјекти
12. Соработка со национални, регионални и локални институции, НВО – потпишани меморандуми на соработка, реализирани донациии и сл.
13. Заверка на нормативи за храна и пијалоци,
14. Заверка на пријави за работно време на угостителски објекти и други објескти согласно закон,
15. Категоризација на мали сместувачки капацитети,
16. Учество во Општински совет за социјална заштита на Општина Прилеп и донесување на Социјален план на општина Прилеп 2023-2026.

**Раководител на сектор за правни,општи работи и јавни дејности**

Александар Талимџиоски

_______________________________

## III. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# И З В Е Ш Т А Ј

**од Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина за примени и завршени предмети, реализирани проекти, реализација на програми од наведената година, поединечно класифицирани од секое одделение**

**СЕКТОРОТ ЗА УРБАНИЗАМ , КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,** програмата и своите активности ја реализираше преку четирите одделенија:
1.ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА,
2.ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ,
3.ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И
4.ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УПРАВУВАЊЕ, РАСПОЛАГАЊЕ, АДМИНИСТРИРАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА преку следните програми:

F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
J00 ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
J60 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ
J80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
JA0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ
JG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
JI ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ
JL ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
JN УРБАНА ОПРЕМА

Сите постапки и активности на одделенијата прикажани се во овој сублимиран Извешта,ј според погоре наведениот редослед:

**1.Извештај за реализирани активности на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина за 2022 година.**

| | | 421120 | Водовод И канализација | | 4.443 |
| | | 421130 | ѓубретарина | | 11.408 |
| | | 421310 | пошта | | 466 |
| | | 421320 | телефонски услуги | | 15.651 |
| | | 421390 | други трошоци комуни. | | 0 |
| | | 421410 | горива И масла | | 17.001 |
| | | 421440 | трансорт на луге | | 1.090 |
| | | | | | |
| | | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | | **213.475** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 423110 | Канцалариски материјали | | 25.086 |
| | | 423120 | Весн.списания и др.изданија | | 47.297 |
| | | 423710 | Средства за хигиена | | 0 |
| | | 423720 | Материјали за разни поправки | | 18.000 |
| | | 423810 | Ситен инвентар | | 58.628 |
| | | 423990 | Други материјали | | 64.464 |
| | | | | | |
| | | **424** | **Поправки н тек.одржување** | | **0** |
| | | 424210 | Одржување на згради | | **0** |
| | | 424440 | Одржување на опрема | | 0 |
| | | | | | |
| | | **425** | **Договорни услуги** | | **202.814** |
| | | 425220 | Банкарска провизија | | 576 |
| | | 425250 | Осигурување на недвиж.и пр. | | 22.921 |
| | | 425290 | Други финансиски услуги | | 0 |
| | | 425920 | Копирање, пецат, издав | | 2.050 |
| | | 425990 | Други договорни услуги | | 177.267 |
| | | | | | |
| | | **426** | **Други тековни. Расходи** | | **112.856** |
| | | 426120 | Членарини во дом.орган. | | 0 |
| | | 426210 | Репрезентација | | 42.098 |
| | | 426310 | Семинари конфер. | | 6.844 |
| | | 426410 | Објавување огласи | | 16.285 |
| | | 426990 | Др.оперативни расходи | | 47.629 |
| | | | | | |
| | | **464** | **вкупно расходи** | | **потрошени** |
| | | | | **0** | **777.566** |
| | | **723** | **приходи** | **реализирани** | |
| | | **723411** | **приходи од членарини** | **758.416** | **0** |
| | | 723419 | други приходи-цез | **6.500** | |
| | | 725947 | приходи од надомест настети | **7.000** | |
| | | | пренесен висок од 2021 | **760.011** | |
| | | | **Вкупно приходи** | **1.531.927** | |

## Преглед предвидено-потрошено и остаток до 31.12.2022 3

разд л 75601 КБ 09 148 903 15

| Бр. на потпр. | Назив на потпрограмата | Расходна ставка 3ц | Назив на расходна ставка | | потрошено |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 400 | **Бруто плати** | | **9000267** |
| | | 401 | **Нето плати** | | **6029625** |
| | | 401130 | **Нето плати** | | **6029625** |
| | | 401310 | **Персонален данок** | | **450577** |
| | | 402110 | **Придонес за ПИОМ** | | **1692047** |
| | | 402210 | **Придонрс за здравство** | | **675016** |
| | | 402220 | **Придонес за проф.заболување** | | **45008** |
| | | 402310 | **Придонес за вработување** | | **107994** |
| | | 402 | **придонеси** | | **2520065** |
| | | | | | |
| | | **421** | **Комунални услуги** | | **552.670** |
| | | 421110 | ел.енергија | | 392.626 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 421120 | Водовод И канализација | | 8.172 |
| | | 421130 | ѓубретарина | | 44.206 |
| | | 421310 | пошта | | 4.811 |
| | | 421320 | телефонски услуги | | 47.952 |
| | | 421390 | други трошоци комуни. | | 27.203 |
| | | 421410 | горива И масла | | |
| | | 421440 | трансорт на луге | | 27.700 |
| | | | | | |
| | | **423** | **Материјали и ситен инвентар** | | **339.202** |
| | | 423110 | Канцалариски материјали | | 83.756 |
| | | 423120 | Весн.списания и др.изданија | | 242.777 |
| | | 423710 | Средства за хигиена | | 12.669 |
| | | 423720 | Материјали за разни поправки | | 0 |
| | | 423810 | Ситен инвентар | | 0 |
| | | 423990 | Други материјали | | 0 |
| | | | | | |
| | | **424** | **Поправки н тек.одржување** | | **459.834** |
| | | 424210 | Одржување на згради | | **385.722** |
| | | 424420 | одрџување на софтвер | | **8.900** |
| | | 424440 | Одржување на опрема | | 65212 |
| | | | | | |
| | | **425** | **Договорни услуги** | | **494.701** |
| | | 425220 | Банкарска провизија | | 0 |
| | | 425250 | Осигурување на недвиж.и пр. | | 5.374 |
| | | 425490 | Други финансиски услуги | | 27.400 |
| | | 425920 | Копирање, печат, издав | | 112.867 |
| | | 425990 | Други договорни услуги | | 349.060 |
| | | | | | |
| | | **426** | **Други тековни. Расходи** | | **45.344** |
| | | 426120 | Членарини во дом.орган. | | 0 |
| | | 426210 | Репрезентација | | 1.890 |
| | | 426310 | Семинари конфер. | | 6.608 |
| | | 426410 | Објавување огласи | | 11.156 |
| | | 426990 | Др.оперативни расходи | | 25.690 |
| | | | | | |
| | | **464** | **разни трансфери** | | **потрошени** |
| | | 464910 | плаканје по судски ресенија | | |
| | | 464940 | трансфери за пензионери | | **125.864** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **480** | **купоување на опрема** | | **928.772** |
| | | 480110 | канцекариска опрема | | **587.522** |
| | | 480140 | информ.и видео опрема | | **341.250** |
| | | **741** | **приходи** | **предвидени** | **потросени** |
| | | **741120** | **приходи од блок дотации** | **13.816.588** | **11.946.654** |
| | | | **Вкупно приходи** | | |

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА „БОРКА ТАЛЕСКИ“- ПРИЛЕП СО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

**Прилеп, февруари 2023**

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“- Прилеп со финансиски извештај за 2022 година

## 1. Вовед

Јавната општинска установа (ЈОУ) Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп, 2022 година ќе ја евидентира како година во која што се остварени голем број програмски и инвестициски активности. Реализиран е планот за работа во делот на манифестации, промоции, соработка со сродни институции, одбележувања на значајни датуми поврзани со авторите на роднокрајното творештво, но и пошироко. Одржани се бројни настани со коишто установата ја потврдува и натаму успешно ја остварува својата примарна библиотечна дејност, но и како установа која што е релеватен фактор во процесот на информирање на јавноста на локално ниво, нејзина обврска согласно законската регулатива.

Забележителен е интересот на читачката јавност, во овој период пост пандемијата на „Ковид-19“. Може слободно да се заклучи, дека и покрај недоволната кадровска екипираност, техничка опременост и просторен недостиг, сепак се реализираат обемни активности, така што установата ја извршува улогата на релевантен сервис на граѓаните во својата заедница во сферата на библиотечната дејност. Библиотеката ја чува, штити, зајмува и збогатува богатата библиотечна поставка која брои над 140.000 библиотечни единици.

Набавена е литература за детскиот и одделот за возрасни, при што се следи ако може така да се рече „последниот збор“ во македонската издавачка дејност. Голем број нови изданија во научната сфера,

енциклопедии, речници, каталози, стручни списанија, особено оние посветени на книжевноста, поезијата, достигнувањата во македонски рамки, се набавуваат и преку НУ НУБ „Свети Климент Охридски“- Скопје, како матична библиотека во дејноста.

Добиени се нови изданија и од Македонска Академија на Науки и Уметности (МАНУ), добиени се книги со донации од бнзнис секторот, од бројни автори од земјава и странство, донации од граѓани кои што перманентно подаруваат книги, кои се дел од нивните приватни библиотеки.

Во рамките на соработката со одделни македонски издавачи реализирани се и саеми на книгата, со што, иако скромно, сепак се збогатува книжниот фонд на установата.

Грижата за Роднокрајната и Раритетна поставка продолжува. Освен литературата која што ја негува установата со децении, од 2022 година започна процесот на создавање уште една репрезентативна поставка на уметнички слики од прилепски автори.

Имајќи го предвид фактот, дека многу прилепски академски сликари, уметници, се во редот на најреномираните во земјава, одлучивме во договор со авторите, за помали износи да купуваме нивни дела, кои исто така ќе ја красат Библиотеката. Оваа 2023 година се планира и официјално отворање на трајна поставка, која што ќе има тенденција перманентно да се збогатува.

Библиотеката за своите активности континуирано ја известува својата таргет група, но и сите граѓани кои се почитувачи на книгата, книжевноста, и културата воопшто, преку веб и фејсбук-страницата. Процесот на ребрендирање на установата продолжува во сите сегменти. Внимателно се води сметка, за рејтингот што го ужива установата во јавноста. Преку детална и посветена организација на настани, избор на гости, автори, експерти, избор на содржини, промоции на дела ... Целата Програма е внимателно компонирана, со цел библиотеката да биде промотор и афирматор на вистински

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

вредности во литературата, книжевноста, со 78 годишна традиција на постоење, негување и создавање културни вредности.

На овој начин го враќаме долгот кон основоположниците на македонската писменост, јазик, култура: Марко Цепенков, Блаже Конески, Круме Кепески, Стале Попов и плејада други македонски автори-втемелувачи на македонската книжевност.

Во рамките на активностите и се негуваат релациите и се поттикнува љубовта кон македонскиот јазик, книжевност и творештво, кај младата популација. Се одржуваат натпревари, конкурси, се поттикнува креативноста кај учениците, младите, но и возрасната популација.

Во продолжение на овој документ, ќе бидат презентирани активностите подетално, а, од финансиските извештаи се има увид врз сите расходи на установата на двете сметки, буџетската „903“ и сметката од сопствени приходи „787“.

## 2. Збогатување на книжниот фонд

Во текот на 2022 година ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ – Прилеп книжниот фонд од околу 140.000 книжни единици го збогати за повеќе од 1600 книги само од донации:

**Табела 1: Донирана литература во 2022 година**

| Донации | Број на книги | Жанр | Вредност |
|---|---|---|---|
| „Гентерм“ | 430 | Детска литература | 163.000, 00 ден |
| „Витаминка“ | 1100 | Белетристика | 160.000,00 ден |
| „Дрекслермајер“ | 100 | Белетристика | 45.000,00 ден |

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

Од табела бр.1 може сликовито да се види дека од трите големи компании се донирани повеќе од 1600 библиотечни единици, во вредност од околу 368.000 денари. Освен нив набавена со сопствена средства е нова литература во детскиот и одделот за возрасни, околу **1100 книги** во вкупна вредност од 235.844,00 денари согласно со ЗЈН.

Покрај нив, се врши и редовна набавка на сериски публикации, дневниците: „Вечер“ и „Нова Македонија“, коишто се купуваат со децении и ја бележат хрониката на настани во земјата. Во задолжителната периодика е секако и „Службен весник“,чија набавка е и наша обврска.

Стручните служби на установата вршат стручна обработка на литературата, на монографските публикации, согласно правилата за каталогизација во Cobiss системот.

Од вкупниот буџет на установата од двете сметки „903“ и „787“ околу 290.000, 00 денари се инвестирани за оваа намена. Кога ќе се додадат донациите од „Гентерм“, „Витаминка“ и DRÄXLMAIER, тогаш може слободно да се каже дека минатаа година библиотечниот фонд е обновен и збогатен со нова литература во вкупна вредност од над 10.600 евра. Според нашите оценки, со цел да се обезбеди квалитетна понуда на читателите, добро би било кога секоја година би можело да се оддвојуваат средства за непречена набавка на литература дури и за поголеми износи. Се разбира како дополнување доаѓа литературата која што ја добиваме од МАНУ и НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје, книги и списанија кои се дистрибуираат бесплатно, а се дел од проектите финансирани преку Министерството за култура, со буџетски средства.

И во овој документ, ја изразуваме благодарноста на библиотеката „Борка Талески“- Прилеп на донаторите, и благодарност за поддршката на градоначалникот г-дин Борче Јовчески, при реализацијата на сите активности.

Во поглед на изборот на новонабавената литература од издавачките куќи во Македонија, во набавната политика на установата и во 2022 година се водеше сметка, сѐ што се купува да биде на листата „барана“ литература која ги задоволува потребите на читателите.

Минатата година установата својот фонд го збогати и со дела од домашните библиотеки на одделни граѓани. Станува збор пред сѐ за белетристика, од автори кои се репрезенти на класиката, дел изданија кои што се одамна печатени, но сѐ уште барани од читателите.

Вредно е да се напомене дека со дела, персонални експонати, дневници, бележници ... на поедини автори кои имаат потекло од Прилеп, се збогатени Роднокрајната и Раритетната поставка. Овие се особено значајни донации, кои што поставките ги прават бесценети.

Овде треба да се истакне дека согласно законската регулатива (како што беше најавено во 2021 година) во текот на изминатата 2022 година, ЈОУ Градска Библиотека „Борка Талески“ - Прилеп почна со реализација на пописот на целиот книжен фонд. Ревизијата на литературата се уште трае, имајќи ја во вид оваа обемна активност, која мора да се спроведува внимателно, детално, со цел да се добие целосна слика за физичката кондиција и бројот на книжни единици со кои располага установата. Паралелно со пописот се прават проценки, книгите кои што се стари, искинати, оштетени или уништени на други начини, како и литературата за која што со години не бил покажан никаков интерес, ќе биде ставена на листа за отпис, а потоа согласно регулативата во процедура пропишана и спроведена во соработка со НУ НУБ „Свети Климент“ - Скопје, ќе биде предадена за рециклирање.

## 3. Издавање, чување, користење и заштита на книжниот фонд

Интересот за книжевност и научна литература, изминатата 2022 година продолжи и се зголеми. Во прилог на ова тврдење оди фактот што според евиденцијата на двата пулта, значи во одделот за деца и одделот

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 322 454; +38975 247 107
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

за возрасни се издадени вкупно 33.638 монографски и сериски публикации. Од нив во одделот за деца 6.927 книги, а во одделот за возрасни 26.436 библиотечни единици.

**Табела бр. 2 Користење на библиотечниот фонд во 2022 година**

| | Број на членови | Издадена литература |
|---|---|---|
| Оддел за деца | 1.711 | 6.927 |
| Оддел за возрасни | 2.117 | 26.436 |
| Вкупно | 3.828 | 33.363 |

**Табела бр.3 Преглед на членувања по години**

| Година | Број на членови | Издадена литература |
|---|---|---|
| 2020 | 1.815 | |
| 2021 | 2.427 | 30.638 |
| 2022 | 3.828 | 33.363 |

Ако во 2021 година, во однос на 2020 година е очигледено зголемување на бројот на членови за околу 35 %, тогаш во 2022 во однос на 2020 година, бројот на нови членови е повеќе од двојно поголем.

Кога овие податоци ќе се стават во рамката на вкупниот број членувања на ниво на држава, коишто според информациите од Cobiss центарот во НУБ, со состојба 31.12.2022 година (а за цела 2022 година) изнесуваат 34.489 членувања во 17 библиотеки, тогаш очевидно е дека библиотеката „Борка Талески“ - Прилеп бележи нагорен од, во членувањата. Иако е локална јавна установа, таа е на четврто место според бројот на членови, во државата дури и пред одделни национални библиотеки.

**Табела бр. 4 Првите 5 библиотеки со најмногу членови во 2022 година**

| Ред. Бр. | Библиотека | Број на активни членови |
|---|---|---|
| 1. | Градска библиотека „Браќа Миладиновци“- Скопје (со сите клонови) | 7.960 |
| 2. | Библиотека „Тане Георгиевски“- Куманово | 5.407 |
| 3. | Библиотека „Кочо Рацин“- Тетово | 5.234 |
| **4.** | **Градска библиотека „Борка Талески“- Прилеп** | **3.838** |
| 5. | Библиотека „Феткин“- Кавадарци | 2.527 |

Растот во членувањата во постковид периодот е потврда дека уписната политика на установата, квалитетот на услугите и сите активности за анимација на нови членови, се ефекасни. Читачката јавност го препознава квалитетот во работата.

Со овие податоци можеме слободно да се каже дека установата се движи по нагорна линија, дека со релативно „брзи чекори“ ја надминувања кризата со која се соочивме во пандемијата, чии реперкусии ги почувствувавме во сите аспекти во процесот на работа

.

## 4. Подрачни библиотеки во населба Варош и населено место Тополчани

Во текот на 2022 година, по ретроактивниот внес на 5044 библиотечни единици во Cobiss системот, во библиотечниот клон во Варош, извршена е и ревизија на фондот. Оваа подрачна библиотека е отворена во 1984 година. Во 2020 година почнува за прв пат процесот на обработка на литературата во Cobiss системот (градската библиотека овој систем го имплементира во 2006 година). Набавена е целосно нова

опрема за работа, меѓутоа поради императивните препораки за енормно штедење на електрична енергија (владина одлука), библиотеката не почна со работа.

По веќе 4 годишен прекин, отворањето на овој библиотечен клон е неминовност. Во библиотеката конечно овој месец, ќе може да се зајмува литература. Еднаш неделно, читателите ќе можат да доаѓаат во објектот и да зајмуваат литература. Плановите за овој клон се и поамбициозни, особено во текот на топлите денови. Овде се планираат литературни читања и други настани со кои ќе се анимираат децата и младите, но и повозрасните жители во населбата Варош.

Подрачната библиотека во населеното место Тополчани е сместена во објект кој што се распаѓа. Дел од литературата која според проценките на стручниот кадар може да се користи, е дадена на реверс во основното училиште „Круме Волнароски“. Во соработка со основачот се бара најадекватна солуција со цел библиотеката да биде сместена во објект којшто исполнува барем минимум услови за работа.

## 5. Културни манифестации (промоции, одбележувања, конкурси...)

Библиотеката во текот на 2022 година реализираше богата културна програма. Промоции, изложби, трибини, средби со автори, со читатели, реализирани конкурси, доделени награди на ученици и нивните ментори, многу чествувања, одбележувања ... Долга е агендата на активности со кои што е збогатена културната понуда на нашите читатели, соработници, на нашите целни групи, автори - дебитанти, истакнати творци, активности кои се реализирани во соработка со други институции.

Најголем дел од активностите беа реализирани во втората половина на минатата година, кога се намали ризикот од ширење на пандемијата.

Во делот на соработката со училиштата и развивање на книжевните потреби кај новите генерации наши читатели одржани се четири

конкурси: За „Млад библиотекар“, за „Најдобар краснопис“, за „Најдобра авторска творба“ и „Најдобра рецитација“. Доделени се награди (во книги), дипломи и благодарници за учениците и нивните ментори. Во оваа активност беа вклучени учениците од сите училишта во општина Прилеп. Библиотеката „Борка Талески“ со својата кандидатка, ученичката Исидора Николоска од ООУ.„Добре Јованоски“ под менторство на наставничката Јагода Волческа и со логистика на вишиот библиотекар од нашата установа, Каролина Крстеска, освои прво место на републичкиот натпревар за најдобар „Млад библиотекар“ што се одржа во Охрид, во библиотеката домаќин „Григор Прличев“. Ова е уште една потврда дека градската библиотека во Прилеп, се движи по нагорна линија.

Исто така оваа година, д-р Наде Караџоска, долгогодишен работник – библиотекар советник од нашата установа е добитник на наградата за животно дело „Климентова Повелба“, што традиционално секоја година, ја доделува Библиотекарското здружение на Македонија (БЗМ).

Библиотеката во 2022 година е добитник и на „Благодарница“ од ДНУ – Прилеп за остварена плодна соработка, размена на искуства, литература, учество во процесот на издигнување и афирмација на научната мисла во градот.

Градската библиотеката „Борка Талески“ со свој кадар (директорот - по избор на ИЗУМ – Институт за информациски науки – Марибор), беше учесник на годишната, 23-та по ред Конференција COBISS 2022, која што се одржа во Марибор, под слоганот „Заедно градиме доверба во науката и развојот“. На конференција во присуство на библиотеките – членки на Cobiss мрежата, од земјите од Балканот, беа презентирани сите достигнувања во областа, како и новините во имплементацијата на „Cobiss3“ системот за стручна обработка и каталогизација на библиотечните единици.

Во делот на одбележувањата и манифестациите, меѓу богатата агенда случувања во овој документ ставаме акцент на:

-Одбележување на 120 годишнината од раѓањето на великанот на македонската книжевност, Стале Попов (1902-1965) со: осврт на проф д-р Наташа Аврамовска, директор на Институтот за македонска литература - Скопје, на тема: „Стале Попов, фолклорот, усноста и драмата во писмото на македонската литература“  и перформанси на актерите: Марија Спиркоска Илиеска, Игор Трпчески и Андон Јованоски (интерпретации и адаптации на извадоци од делата на Стале Попов);

-Чествување на ликот и делото на македонскиот великан, на авторот на поетската тантела „Бели Мугри“, Коста Апостолов Солев Рацин (1908-1943). Проф.д-р Лорета Георгиевска од Институтот за македонска литература - Скопје, со свој стручен осврт, а актерите: Даниела Иваноска, Марија Спиркоска Илиеска и Игор Трпчески интерпретираа поезија од збирката „Бели Мугри“;

-Промоција на книгата „Јазикот е чудна ѕверка“ од авторката Марина Костова. Низ критичкиот осврт на нејзиното новинарско перо, со огромна прецизност избраните „атрибути“ на времето, со нејзината перцепција отпечатена на страниците на книгата, го осведочивме повторно и заедно духот на времињата кои како боите на есента се менуваат во оваа македонската државност изминативе 31 година;

-На шест години од упокојувањето на писателот, прилепчанецот Трајче Крстески, во организација на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески“ под насловот „Светлина зад ридот“ се одржа прекрасен настан. Писателите: Габриела Стојаноска Станоеска и Петар Петрески, со присет и почит, достоинствено и емотивно ги оживеаа сеќавањата за писателот, поет, новинар Трајче Крстески. Фрагменти од делата на Крстески презентираше актерот Димитар Ѓорѓиевски;

-Несекојдневно емотивна и пријатна дружба на вљубениците на делото на безвременскиот Блаже Конески (1921-1993) насловена како поетско пладне „Убавите жени“ беше настанот со кој библиотеката уште еднаш оддаде почит на еден од кодификаторите на современиот македонски

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

јазик „Џинот од Небрегово“ - Блаже Конески, во пресрет на 101 годишнината од неговото раѓање. На ова поетско читање, избор од неговиот поетски и раскажувачки опус преку интерпретација оживеаја прилепските актери од народниот театар „Војдан Чернодрински“: Илија Волчески, Даниела Иваноска, Александар Тодески, Наташа Ачански, Димитар Црцороски, Михајло Миленкоски, Ангела Наумоска, Димитар Георгиевски и Игор Трпчески;

-Постхумна промоција на книгата „Чест и вест“, од роднокрајниот автор - доајен на македонското новинарство Тачко Локвенец (1942-2021). За човекот еснаф, за интелектуалниот џентлмен, за виртуозот на новинарската репортажа, за вљубеникот во својот град, Локвенец, говореа Ерол Ризаов и Иван Бојаџиски, двајцата врвни мајстори на новинарскиот занает, уредници, коментатори, хроничари на македонската општествено-политичка реалност. Изводоци од книгата читаше актерот Игор Трпчески.

-100 годишнината од раѓањето на модната икона Пјер Карден беше инспирација да проговориме за модата во просторот, облеката и музиката во нашиот град, нашата земја. Стручни излагања на темата имаа унверзитетските професори: Катерина Деспот и Александар Рашковиќ. Вокалистката на „Чалгија саунд систем“ Добрила Грашеска испеа избор македонски песни и се осврна на современите музички трендови на нашите простори.

Кога се говори за роднокрајните автори, во делот на стимулирање на квалитетен прозен израз, библиотеката во 2022 година, реализираше конкурс за „Најдобар расказ“. Комисијата во состав од тројца писатели: Габриела Стојаноска Станоеска, Петре Петрески и Трајче Кацаров ги избраа најдобрите согласно со пропишаните критериуми. Ним им се додели награди. Расказите кои конкурираа ќе бидат наскоро публикувани во книга 2 од библиотеката „Роднокрајно творештво“, со наслов „Зборник на раскази од прилепски автори“.

Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“
ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија
тел:+38975 322 454; +38975 247 107
e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk

Се одржаа и многу други средби, разговори, дебати ... Во делот на соработката, остварени се посети во библиотеките во Охрид, Кавадарци, Неготино, Радовиш, Гевгелија, Штип, Битола, Скопје (НУБ „Св. Климент Охдриски“, Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ и др.) и други библиотеки и културни установи со цел соработката, размена на искуства, развој на библиотечната дејност да продолжи со што поголем квалитет.

За реализација на сите овие активности, се инвестирани средства од ставка 425, поточно потставка 425 990. Освен за манифестации и активности од оваа ставка е извршена исплата и на средства по тендерите за благајничко и сметководствено работење, исплата на надомести за членови на УО, правни услуги, исплата на уметничките слики од прилепски автори (уметници), купување литература од автори преку авторска агенција и др.

## 6. Едукација на кадри

Градската библиотека во Прилеп како што е добро познато, освен што ја извршува основната дејност, за чување, издавање и заштита на библиотечен материјал, врши и каталогизација – стручна обработка на книжниот фонд на установата што се збогатува секоја година.

Со цел што поквалитетно извршување на сите услуги, во текот на минатата година во библиотеката се одржаа повеќе предавања од лиценцирани библиотекари:

- Елизабета Трпческа Петрушевска, библиотекарски советник од библиотеката „Кочо Рацин“ во Тетово, на библиотекарските помошници кои работат на пултовите, им ги презентираше и демонстрираше сите новини при имплементација на Cobiss системот, по активацијата на ценовникот на установата, што е долгогодишна практика речиси во сите други библиотеки во земјата. Во нејзино присуство и со нејзини инструкции започна постапката на попис на фондот;

- Валентина Дојчиновска Илиоска, библиотекарски советник од НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје, со ИТ стручњакот Љупчо Јованов, исто така од матичната универзитетска библиотека, одржаа предавање во делот на каталогизацијата на литературата, воедно им дадоа стручни совети на библиотекарите за што поуспешно спроведување на ревизијата на литературата (популарно познат попис на библиотечниот фонд);
- Драгана Типсаревиќ, библиотекарски советник и поранешна директорка во Народна библиотека „Стефан Првовенчани“ од Кралево, во рамки на долгогодишната соработка со библиотеката „Борка Талески“, беше гостин во нашата установа. Во своето стручно излагање пред колегите презентираше дел од своите искуства, бројни предлози и идеи, ги демонстрираше ефектите од веќе реализирани проекти, со кои што може да се подобри функционирањето на секоја библиотека.

На дел од овие работни средби, освен вработените во Библиотеката во Прилеп, присуствуваа и библиотекари и наставен кадар од основните училишта во Прилеп.

## 7. Административно – правни, сметководствено – благајнички работи

Административниот кадар во установата е претставен со еден архивар, којшто ги извршува архивските работи. Потребите за правно - сметоводствени работи ги извршуваат надворешно ангажирани лица. Работите се извршуваат, меѓутоа евидентна е потребата од вработување на стучни лица на работните места предвидени со Правилникот за систематизација.

## 8. Работа на помошно – техничката служба

Согласно со Правилникот за систематизација на работни места на установата и законските регулативи, оваа служба во установата е

претставена со четворица (4) вработени; книговрзец (1) едно лице, хаус мајстор (1) и двајца хигиеничари.

Книговрзецот освен што работи во делот на репарација на литературата, со оглед на неговата верзираност и сензибилизација за потребите на установата е ангажиран и како замена на двата пулта (за деца и возрасни) и во магацинот, а по потреба е замена при водење архива.

Хаус мајсторот во установата ги извршува сите активности во негова надлежност, воедно е надлежен за спроведување на итна медицинска помош во вонредни услови. Паралелно согласно со потребите на установата, врши замена на кадрите коишто работат во магацинот за книги и издаваат литература за потребите на пултовите. Едновремено извршува и курирски активности. Вклучен е исто така и во делот на распределба на материјали на вработените согласно со ЗЈН. Внес и достава на библиотечен материјал.

Хигиеничарите освен што се грижат за хигиената во установата, по потреба исто така заменуваат во магацинот за книги, а вршат и курирски обврски. Еден од нив е лице надлежно за спроведување на ПП заштита.

Целта на овој начин на работа е целосно искористување на потенцијалот на вработените, во услови на кадровски недостиг, секогаш кога за тоа има потреба, особено во време на користење на правото на одмор.

Инаку сите вработени во установата се ангажирани и работат во разни комисии согласно со потребите и регулативите кои мора да се имплементираат, со цел да се овозможи непречен тек на сите активности и функционирање на установата.

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

## 9. Набавка на услуги и опрема

Во текот на минатата 2022 година Библиотеката согласно со Законот за јавни набавки реализираше:

**Табела бр.5 . Реализирани набавки со постапки согласно со ЗЈН / 2022 год.**

| ВИД НАБАВКА | ВИД НА НАБАВКА | ВРЕДНОСТ ВО ДЕН |
|---|---|---|
| СМЕТКОВОДСТВЕНИ И БЛАГАЈНИЧКИ УСЛУГИ | УСЛУГИ | 100.800,00 |
| НАБАВКА НА КНИГИ | ЛЕКТИРИ, БЕЛЕТРИСТИКА, ЕНЦИКЛОПЕДИИ | 235.844,00 |
| НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКА МЕБЕЛ | ПОЛИЦИ И БИРОА | 479.552,00 |
| НАБАВКА НА ИНФОРМАТИЧКА ОПРЕМА | СКЕНЕР ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И КОПИР АПАРАТ | 341.250,00 |
| ПРОМЕНА НА ВНАТРЕШНИ ВРАТИ | ВЕТРОБРАН ВРАТА И КОРЕКЦИЈА НА ПУЛТ | 96.760,00 |
| ПОД ВО САЛА | РАБОТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ПОДОВИ | 218.300,00 |
| НАБАВКА НА ШТАФЕЛАИ | ШТАФЕЛАИ ЗА ТРАЈНА ПОСТАВКА | 107.970,00 |
| НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ | МАТЕРИЈАЛИ: ХАРТИЈА, ТОНЕРИ, РЕГИСТРИ ... | 78.716 |
| НАБАВКА - КОПИРАЊЕ И ПЕЧАТЕЊЕ | ДВЕ ПОСТАВКИ: КАШИРАНИ ФОТОГРАФИИ СО РАРИТЕТНИ КНИГИ, БАНЕР ... | 112.867,00 |

Библиотеката „Борка Талески“ има потреба од реорганизација на просторот, преадаптација и реконструкција. За жал потготвените проекти се уште не се реализирани. Според препораките на Општина Прилеп, Министерството за култура треба да даде согласност на ЈОУ

ГБ „Борка Талески“- Прилеп за да може да ги реализира овие зафати, имајќи го предвид фактот дека објектот е даден на трајно користење на библиотеката. И тука почнува административниот „лавиринт“ (постапка почната во 2021 година). Откако Министерството за култура се огласи за ненадлежно да дава согласност, следејќи ги препораките каде с,е треба да се бара согласност, испратени се барања до Министерсто за транспорт и врски, до Министерство за финансии (Управа за имотно-правни работи), до Влада на РСМ – Секретаријат за законодавство, до Генерален Секретаријата на Влада на РСМ, до Државно Правобранителство на РСМ. -Скопје, до Државно правобранителство за подрачје -Прилеп.

Библиотеката достави и наративен извештај во Министерството за култура за сите проблеми со кои се соочува, особено од градежен аспект, бидејќи се уште користи тоалети т.н. „чучавци“, бидејќи неопходни се интервенции на покривот (тече, капе при секој обилен дожд во еден дел од магацинот за книги, дел од просториите се стари, нема ни под, има бетон покриен со синтелон (стар, полн со прашини, извор на инфекции), нефункционална дограма ... Во средина на објектот има ризичен дел, којшто е неопходно да биде затворен и безбеден, и тоа е причина што т.н. „мала читална“ не е и се уште не може да биде во функција. Откако овој простор ќе биде безбеден за работа, треба да се инсталира и адекватна вентилација итн.

Се вложуваат максимални напори да се реши проблемот, којшто претставува вистинка кочница во функционирање на установата.

Од друга страна неопходно е да се преземат мерки за поголема енергетска ефикасност, што е впрочем и функцијата на поставувањето на нови врати. Секако потребата од зголемена безбедност во сите јавни установи (најави за бомби станаа зачестена појава) ја наметнува потребата на влезот во библиотеката, како и во сите други установи да има врата, т.н. „ветробран“, по примерот на сите други јавни установи, почнувајќи од соседниот влез во центарот „Марко Цепенков“ па завршувајќи со секоја друга јавна образовна, здравствена и каква и да биде друга установа во градот.

Објектот и според Инспекцијата за заштита од пожари при ДЗС нема функционална хидрантска мрежа. Реконструкцијата на хидрантската мрежа и ставањето на громобранска заштита и според насоките на Инспекцијата, како два најзначајни аспекти при заштита од пожари, ќе бидат решени со изработка на документацијата за реконструкција на објектот, прв пат откако е изграден. Во меѓувреме, како установа ги вршивме сите активности со комплетирање на системот за дојава на пожар, панични светла, ПП апарати – набавени се единаесет (11) нови во последните 2 години, покрај постоечките три ППА(3), изготвени се потребните правилници, планови... сите акти коишто треба да ги има установата. Едновремено континуирано се осигурува објектот, книгите и опремата, така што од овој аспект, библиотеката е целосно заштитена.

Но, сепак останува отворено прашањето: Која институција ќе даде согласност за преадаптација, реконструкција на библиотеката, особено затоа што во објектот и според надворешната перцепција, а и внатре како што на сите им е добро познато е реконструиран досега многу пати!

## 8. Реализација на буџетот по сметки

Во овој Извештај не презентираме детални бројки за потрошените средства за секоја ставка. Податоците се добиваат од увидот во финансиските извештаи за секоја сметка посебно и по ставки и потставки.

Најважно е да се каже дека од проектираниот буџет на буџетската сметка „903“ во висина од 13.816.588, 00 денари, реализирани се 11.946.654 денари. Неискористени се 1.869,934,00 денари (кои бараме од Советот да ни бидат дадени на располагање оваа 2023 година, со ребаланс на буџетот). Од нив 812.330,00 денари се планирани средства за комунални услуги, поради најавите за енормно зголемување на цената на струјата.

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

Но, установата со енормни заштеди, потрошила (од двете сметки) околу 532.000, 00 денари за електрична енергија, единствениот извор на греење. Вкупно за комунални услуги се потрошени помалку од 750.000,00 денари на двете сметки.

Останаа неискористени средства и на ставката договорни услуги, 425 – над 600.000, 00 денари, тоа се неискористени средства кои беа планирани за печатење книги и обнова на дел од фондот (вкоричување, поправки итн).

Но, кадровскиот недостиг, и кратките рокови за искористување на средствата, не ни дозволија да го оствариме планот во овој сегмент.

Останууваат неискористени на ставката бруто плати околу 260.000, 00 денари, поради реализирани пензионирања.

Доколку се реализираа нови вработувања, минатата година, сигурно дека сите овие средства ќе беа целосно потрошени.

На сметката од сопствени приходи „787“, планирани беа 1.225.000,00 денари. Од нив пренесен вишок од 2021 година се 760.011,00 денари. Поточно остварени се приходи од членарини и закуп на сала и опрема во висина од околу 772.000,00 денари, или остварен е вкупен приход (над планот), во висина од 1.531.927,00 денари ( што е за 306.927,00 ден повеќе од планираното). Од нив потрошени се 777.566,00 денари, а пренесен вишок од 2022 за оваа 2023 година се средства во висина на 754.361,00 денари.

**Табела 6. Реализација на буџетот по сметки**

| **Буџетска сметка „903“** | | | |
|---|---|---|---|
| Проектиран буџет | Реализирани средства | Реализација во проценти | Неискористени средства |
| 13.816.588,00 | 11.946.654,00 | 86,47% | 1.869.934,00 ден |

БИБЛИОТЕКА
"БОРКА ТАЛЕСКИ" - ПРИЛЕП

**Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“**
**ул. „Булевар Гоце Делчев“ бр. 18/2 Прилеп Р.С. Македонија**
**тел:+38975 322 454; +38975 247 107**
**e-mail: gb.btaleski@gmail.com; www.biblioprilep.org.mk**

| **Сметка на сопствени приходи „787“** | | | |
|---|---|---|---|
| Проектиран буџет во ден | Реализирани средства | Реализација во проценти | Неискористени средства |
| 1.225.000,00 | 777.566,00 | 63.47% | 760.011,00 |
| Остварен буџет | | | |
| 1.531.927,00 | | | |

Од презентираните статистички податоци и во 2022 година Библиотеката работела со максимално штедење, а сепак реализирала богата Програма со која што ја зголемила „видливоста“ во јавноста и целните групи.

Со почит, директор

м-р Моника Талеска

# Годишен финансиски извештај за 2022 година

Домот за стари лица „ Киро Крстески- Платник“ Прилеп е јавна општинска установа од областа на социјалната заштита , со основна дејност обезбедување на сместување , исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно забавни активности , работно-рекреативни активности, услуги од социјални потреби и други услуги на старите лица , зависно од потребите, психофизичките способности и барањата на корисниците.

Покрај основната дејност Домот во текот на годината , обезбедува прифаќање и времено сместување на возрасни лица , кои заради разни околности се нашле надвор од местото на живеење, без средства за живот или се без постојано сместување, се до нивното враќање во сопственото семејство или сместување во друга установа за социјална заштита.

Вкупната површина со која располага Домот е 10.688 м2 од кои 4.038 м2 под објект и 6.650 м2 дворно место и економија.

Капацитетот на Домот е 151 легла ( од кои 50 легла во новиот дел) и 101 во другиот дел кој е исполнет со корисници од повеќе општини во Македонија.Моментално во Домот има сместено 133 корисници .

Вкупниот број на вработени е 36 од кои, од кои 23 вработени примаат плата од Буџет на РСМ , а сотанатите 13 вработени од сметката на самофинансирачки активности.

Финансирањето на Домот се врши преку наменски дотации и самофинансирачки активности.

Блок дотации од буџет за 2022 година изнесуваат **14 471 291 денари**. Кои се потрошени за :

- **плати, надоместоци и придонеси од плати ..........................9 659 291 ден.**
- плати и надоместоци.................................................................6 954 695 ден
- придонеси....................................................................................2 704 596 ден.

- **Комунални услуги.............................................................. 4 812 000 ден.**
- Електрична енергија ................................................................ 1 000 000 ден
- Затоплување...............................................................................3 812 000 ден

Од сметката на самофинансирачки активности вкупниот приход за 2022 година изнесува **19 475 411 денари**.и тоа :

- **Приходи од сместување .................................................15 038 284 ден**
- **Приходи од проект народна кујна......................................2 553 768 ден**
- **Останати неданочни приходи................................................150 839 ден**
- **Други средства за солидарност..........................................  96 370 ден**
- **Приходи од минати години................................................1 636 150 ден**

-

Од приходите од сметката на самофинансирачки активности се потрошени **18 911 877 денари**.

- **Плати надоместоци и придонеси од плата ......................6 375 387 ден**
- плати и надоместоци.............................................................4 590 265 ден
- придонеси..............................................................................1 785 122 ден.

- **Комунални услуги.................................................................2 443 573 ден**
- Други комунални такси и услуги.................................................17 400 ден
- Др трошоци за комуникација.......................................................36 408 ден
- Електрична енергија...................................................................794 163 ден
- Горива и масла...........................................................................126 831 ден
- Ѓубретарина................................................................................261 582 ден
- Пошта............................................................................................23 899 ден
- Регистрација на моторни возила.................................................14 767 ден
- Транспорт на стоки и луѓе...........................................................22 200 ден
- Телефон и телефакс......................................................................33 964 ден
- Водовод и канализација...............................................................509 823 ден

- **Материјали............................................................................8 033 498 ден**
- Други материјали.........................................................................165 797ден
- Други медицински материјали......................................................24 216 ден
- Канцелариски матреријали...........................................................68 416 ден
- Лекови..........................................................................................143 529 ден
- Прехранбени продукти...............................................................6 300 153 ден
- Резервни делови...........................................................................51 477 ден
- Ситен инвентар.............................................................................13 570 ден
- Списанија весници.........................................................................50 695 ден
- Средства за хигиена...................................................................1 174 446 ден
- Материјали за разни поправки......................................................37 234 ден

- **Поправка и тековно одржување........................................... 961 443 ден**

- **Договорни услуги.................................................................849 177 ден**

- **Други тековни расходи..........................................................129 769 ден**

- **Купување на опрема и машини...............................................50 000 ден**

- **Градежни објекти....................................................................69 030 ден**

Во 2022 година Домот продолжи со работа со проектот „Народна Кујна за лица со социјални проблеми “ кој се спроведува во Домот и со овој проект им се дава услуга на 100 лица.

Финансиски контролор:
Дипл.економист:
Богомилка ПопАрсовска Митрески

ЈОУ Дом за стари лица
.„Киро Крстески Платник“ Прилеп
Директор
Дипл.економист:Благојче Стојаноски

Прилеп
17.02.2023год.

## В. Извештај за користењето на финансиските средства од тековните резерви

За непланираните или помалку планирани расходи во буџетот на Општината може да се планира Буџетска резерва најмногу до 3% од вкупните тековни расходи на Буџетот, кои средства се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидливи случаеви.

Врз основа на законска обврска предвидена со Закон за финансирање на Единиците на Локалната **самоуправа, член 31 во Буџетот за 2022 година, се предвидени во** група **41**-резервии недефинирани расходи во износ од **2.700.000,00** денари, **во програма** А0 на група во ставката 412- постојана резерва (непредвидливи расходи), конто **412110**-постојана резерва (непредвидливи расходи) 1**.000.000,00** денари, и во програма Д00- Градоначалник, на ставка 413- тековни резерви (разновидни расходи), на потставка **413110**- тековни резерви (разновидни расходи**) 1.700.000,00** денари.

Бидејќи тие се средства со строга наменска употреба и не смее да се користат за извршување на редовни т.е. тековни активности во текот на **2022** година од контото **412110**- постојана резерва ( непредвидливи расходи) од планираните 1**.000.000,00** денари, реализирани се 783.000**,00** денари кои се исплатени како помош на следните физички лица:

| **Р.бр.** | **Име и презиме** | **Основ на исплата** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1 | И.Мустафоски | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| 2 | М.Веселоски | елементарни непогоди | 10.000,00 |
| 3 | А.Амедоски | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| 4 | Б.Спиркоски | елементарни непогоди | 10.000,00 |
| 5 | Џ.Хасаноски | елементарни непогоди | 10.000,00 |
| 6 | П.Тодороски | елементарни непогоди | 6.000,00 |
| 7 | З.Јорданоски | елементарни непогоди | 10.000,00 |
| 8 | Т.Димески | елементарни непогоди | 25.000,00 |
| 9 | Б.Незироски | елементарни непогоди | 10.000,00 |
| 10 | Г.Талески | елементарни непогоди | 10.000,00 |
| 11 | Ѓ.Стеваноски | елементарни непогоди | 25.000,00 |
| 12 | М.Илиеска | елементарни непогоди | 200.000,00 |
| 13 | Л.Тошеска | елементарни непогоди | 6.000,00 |
| 14 | Ц.Тренкоски | елементарни непогоди | 6.000,00 |
| 15 | Л.Петрески | елементарни непогоди | 15.000,00 |
| 16 | С.Емрулоски | елементарни непогоди | 20.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17 | Р.Макешоски | елементарни непогоди | 30.000,00 |
| 18 | М.Здравески | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| 19 | Д.Бејакоски | елементарни непогоди | 40.000,00 |
| 20 | Љ.Спиркоски | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| 21 | Џ.Р.К.Амбер | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| 22 | М.Пашоски | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| 23 | П.Николоска | елементарни непогоди | 50.000,00 |
| | **Вкупно** | | **783.000,00** |

Од конто **413110**- тековни резерви ( разновидни расходи) потрошени се **1.685.657,00** денари од кои за починат член од семејството ( ќерка-син, сопруг - сопруга , татко- мајка ) како и за боледување подолго од 6 месеци исплатени се:

Од расходно конто 413110 тековни резерви исплатени се:

| **Р.бр.** | **Име и презиме** | **Основ на исплата** | **Износ** |
|---|---|---|---|
| 1 | П.Ризоска | Боледување | 26.669,00 |
| 2 | Г.Шокоски | смртен случај | 29.943,00 |
| 3 | Г.Шокоски | смртен случај | 29.943,00 |
| 4 | Д.А.Самарџиоска | смртен случај | 29.943,00 |
| 5 | Г.Гиноски | смртен случај | 29.943,00 |
| 6 | Љ.Димоски | смртен случај | 59.886,00 |
| 7 | К.Попоска | смртен случај | 29.943,00 |
| 8 | Б.Велески | смртен случај | 29.980,00 |
| 9 | Г.Чатлеска | смртен случај | 29.980,00 |
| 10 | Ж.Мирчески | смртен случај | 29.980,00 |
| 11 | Е.Ангелеска | смртен случај | 29.980,00 |
| 12 | В.Паноска | смртен случај | 29.943,00 |
| 13 | Г.Атанасоска | смртен случај | 29.980,00 |
| 14 | О.Јолески | смртен случај | 29.980,00 |
| 15 | Д.Гешоски | смртен случај | 29.980,00 |
| 16 | Д.Гешоски | смртен случај | 29.980,00 |
| 17 | М.Трајкоска | смртен случај | 29.980,00 |
| 18 | Б.С.Ангелеска | смртен случај | 29.980,00 |
| 19 | К.Слабакоска | смртен случај | 29.943,00 |
| 20 | А.А.Дукоска | смртен случај | 29.980,00 |
| 21 | Б.Вишиноска | смртен случај | 29.980,00 |
| 22 | Ж.П.Ѓ.Ванески | смртен случај | 29.980,00 |
| 23 | Ж.П.Ѓ.Ванески | смртен случај | 29.980,00 |
| 24 | Д.Звездакоски | смртен случај | 29.839,00 |
| 25 | В.Паноска | смртен случај | 29.980,00 |
| 26 | К.Бакарова | смртен случај | 29.980,00 |
| 27 | Љ.Велкоски | смртен случај | 29.980,00 |
| 28 | А.Мерипушкоска | смртен случај | 29.980,00 |
| 29 | Н.Димеска | смртен случај | 29.980,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30 | С.Здравеска | смртен случај | 29.980,00 |
| 31 | С.Здравеска | смртен случај | 29.980,00 |
| 32 | Р.Јачев | смртен случај | 29.980,00 |
| 33 | Д.Г.Боцески | смртен случај | 29.980,00 |
| 34 | К.Овезоски | смртен случај | 29.980,00 |
| 35 | В.Тасеска | смртен случај | 29.839,00 |
| 36 | З.Петровски | смртен случај | 31.525,00 |
| 37 | В.Тодороска | смртен случај | 31.869,00 |
| 38 | З.Т.Пешевски | смртен случај | 31.869,00 |
| 39 | Ц.Волчески | смртен случај | 31.871,00 |
| 40 | Д.Наумчески | смртен случај | 31.871,00 |
| 41 | К.Николоски | смртен случај | 31.871,00 |
| 42 | С.Б.Спиркоски | смртен случај | 31.871,00 |
| 43 | Б.Тренчевска | смртен случај | 27.261,00 |
| 44 | М.Кузмановиќ | смртен случај | 27.261,00 |
| 45 | Р.Стојаноски | смртен случај | 31.407,00 |
| 46 | В.Димоска | смртен случај | 31.407,00 |
| 47 | С.Здравеска | смртен случај | 31.407,00 |
| 48 | В.Димоска | смртен случај | 21.920,00 |
| 49 | М.Мирческа | смртен случај | 31.525,00 |
| 50 | С.Ташкоска | смртен случај | 31.525,00 |
| 51 | З.Петкоски | смртен случај | 31.525,00 |
| 52 | Е.Мургоска | смртен случај | 31.869,00 |
| 53 | В.Ачкоски | смртен случај | 31.869,00 |
| 54 | Ф.Костоска | смртен случај | 26.711,00 |
| 55 | П.Ризоска | смртен случај | 31.869,00 |
| | **Вкупно** | | **1.685.657,00** |

**Претседател**
**на Советот на Општина Прилеп**

Бр. 09-1077/6
15 .03.2022год.
Прилеп

**Дејан Продаоски**

___________________________